

# Извештај за транспарентност за 2025 година

**МАРТ 2026**

# Содржина

Обраќање на раководството ........ 1

За друштвото ........ 1

Профил на друштвото ........ 1

Одговорност ........ 1

Организација и работа ........ 2

Внатрешен систем за контрола на квалитет ........ 2

Релевантни етички барања ........ 3

Прифаќање, продолжување или повлекување на ангажманите ........ 3

Човечките ресурси ........ 3

Политики и процедури кои се однесуваат на спроведување на ангажманите и вршење на внатрешна контрола на квалитет ........ 4

Политики и процедури кои се однесуваат на следење на внатрешниот систем на контрола на квалитет ........ 4

Политики и процедури за документирање на внатрешниот систем на контрола на квалитет ........ 5

Проверка за уверување на квалитетот на ревизијата ........ 5

Листа на ангажмани ........ 5

Изјава за ефективноста на функционирањето на внатрешниот систем на контрола на квалитет ........ 8

Изјава за независното работење на Пелагониска Ревизорска Куќа ДООЕЛ Прилеп во однос на субјектите за ревизија ........ 9

Изјава за политиките што ги следи Пелагониска Ревизорска Куќа ДООЕЛ Прилеп за професионално усовршување на овластените ревизори во текот на претходната година ........ 10

Финансиски информации за вкупниот приход остварен од ревизија и од други надоместоци ........ 10

Информација за основата по која се утврдува хонорарот на овластениот ревизор ........ 11

ПЕРК
Пелагониска Ревизорска Куќа

ул. „Прилепски бранители“ бр. 16 – 4,
втор кат, 7500, Прилеп
Република Северна Македонија
П. фах: 256
телефон/факс: ++389(0)48 413-856
моб.:070/208-138
web: http://www.perk.com.mk
e-mail: perk@perk.com.mk

# ОБРАЌАЊЕ НА РАКОВОДСТВОТО

Пелагониска Ревизорска Куќа повеќе од две децении работи во обезбедувањето на сеопфатни услуги од областите на ревизии, проверки и уверувања со тим на високо специјализирани и обучени професионалци и со посветеност кон испорачување на соодветни резултати. Веруваме во нашето работење и во способноста да им обезбедиме професионалност и квалитет на нашите клиенти.

Вршењето на квалитетна ревизија е наш главен приоритет. Ревизиите, проверките и уверувањата се примарни услуги кои ПЕРК ги нуди на своите клиенти. Држејќи се цврсто кон претходно наведените области, гарантираме дека целиот наш фокус, експертиза и сила се насочени кон обезбедување на квалитетна ревизија и квалитетни услуги за проверка и уверување.

Нашата улога како ревизори се протега не само на нашите клиенти, туку ги опфаќа и нивните партнери, доверители, акционери, инвеститори, содружници, финансиери и сл. Регулаторните органи и другите заинтересирани страни можат да се потпрат врз издадениот ревизорски извештај. Обезбедувајќи интегритет за финансиските извештаи на нашите партнери, ние им помагаме да ја одржат усогласеноста со важечките законски прописи и со меѓународни стандарди за финансиско известување и да стекнат доверба од нивните доверители, акционери и содружници,.

Транспарентноста, независноста и одговорноста во нашите активности е неопходна. Овој извештај за транспарентност служи да обезбеди преглед на нашите внатрешни политики, процедури и перформанси низ периодот на известување, нагласувајќи ја нашата посветеност за одржување на доверба кај нашите клиенти, заинтересираните страни и јавноста.

Извештајот за транспарентност на Пелагониска Ревизорска Куќа ДООЕЛ Прилеп за 2025 година е во согласност со важечката законска регулатива и со Законот за ревизија и ја опфаќа фискалната година која завршува на 31 декември 2025 година како и некои други релевантни настани.

**Пелагониска Ревизорска Куќа**
**ДООЕЛ Прилеп**
Управител

Пецко Ристески

ПЕРК
Пелагониска Ревизорска Куќа

## За друштвото

Друштвото за ревизија Пелагониска Ревизорска Куќа ДООЕЛ Прилеп е основано во 1999 година во Прилеп, како прво дисперзирано друштво за ревизија во Република Северна Македонија надвор од градот Скопје.

Во трговскиот регистар при Централниот Регистар на Република Северна Македонија друштвото е регистрирано на ден 05.09.1999 година. Главната приходна шифра согласно НКД е 69.200 – сметководствени, книговодствени и ревизорски работи; даночно советување. Седиштето на друштвото е на ул. „Прилепски Бранители“ бр.16-4 втор кат, Прилеп, Република Северна Македонија.

Привремената дозвола за работа добиена согласно одредбите од Законот за ревизија од 1997 година, во 2003 година е заменета со трајна дозвола добиена од Министерството за финансии заведена под бр. 07-17753/1 од 05.09.2003 година. Советот за унапредување и надзор на ревизијата има издадено трајна дозвола за работа во 2013 година, која е заменета со нова во 2021. Друштвото има трајна дозвола за работа добиена од Советот за унапредување и надзор на ревизијата со регистарски број 10, заведена под бр. 08-268/3 од 05.10.2021 година. Друштвото е заведено под реден број ДР014 во Регистарот на ревизорски друштва при Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија.

## Профил на друштвото

Друштвото со 31.12.2025 вработува 6 лица, од кои 5 лица се вработени на неопределено време а едно лице на определено работно време. Од вкупно вработените, 3 лица се лиценцирани овластени ревизори. Покрај овие стално вработени лица, во Пелагониска Ревизорска Куќа ДООЕЛ Прилеп на повремена основа за извршување на ревизорските ангажмани се ангажираат и соодветно квалификувани надворешни лица, овластени ревизори.

Висината на основната главнина на друштвото е 167.200 денари. Со состојба на 31.12.2025 друштвото има еден сопственик а тоа е овластен ревизор, Пецко Ристески со 100% учество во капиталот на друштвото.

Пелагониска Ревизорска Куќа не се јавува како основач на други субјекти во земјата и во странство и нема поврзани друштва, ниту пак има регистрирано подружници во земјата и во странство.

## Одговорност

Пелагониска Ревизорска Куќа верува во своето искуство, во своето знаење, во своето професионално работење и во способноста да на клиентите им го

испорача сиот свој квалитет и професионалност. Ние гарантираме за нашата извршена работа и за нашето издадено ревизорско мислење. Согласно законот за ревизија, Друштвото е осигурено од одговорност од штета предизвикана на трети лица при вршење на своја професионална дејност – ревизорски услуги со Полиса бр.13053000026535/0 за осигурување од одговорност издадена од Евроинс Осигурување АД Скопје на износ од 400.000 евра (24.600.000 денари), со важност од 28.01.2025 до 28.01.2026.

Друштвото има склучено нова полиса за осигурување со Евроинс Осигурување АД Скопје за одговорност од штета предизвикана на трети лица при вршење на своја професионална дејност – ревизорски услуги и тоа Полиса бр.13053000026539/0 за осигурување од одговорност на износ од 400.000 евра (24.600.000 денари), со важност од 28.01.2026 до 28.01.2027.

## Организација и работа

Друштвото за ревизија Пелагониска Ревизорска Куќа ДООЕЛ Прилеп делува на територијата на Република Северна Македонија. Друштвото е член на Институтот на Овластени ревизори на Република Северна Македонија (ИОРРСМ). На 14 ноември 2013 година ИОРРМ стекна статус на полноправна членка на Меѓународната федерација на Сметководители (IFAC). Друштвото е независна фирма, која управува самостојно и не е членка на меѓународна мрежа или група.

Со друштвото управува управител а тоа е овластен ревизор Пецко Ристески. Управителот го организира работењето на ревизорското друштво, формира ревизорски тимови и го следи процесот на извршување на ревизорските ангажмани.

Управителот и одговорните лица на ревизорските тимови одржуваат секојдневни редовни комуникации, разговараат за тековни и нови прашања, разговараат за квалитетот при извршувањето на ревизорските ангажмани, разговараат за прашања кои се покренати од страна на тимовите за ревизија, разговараат за процедурите и ги анализираат главните причини и другите прашања за квалитет идентификувани од различни извори.

## Внатрешен систем за контрола на квалитет

Политиките и постапките за контрола на квалитет се носат врз основа на барањата на

МСР односно на:

- МСУК 1, Управување со квалитет за друштвата кои вршат ревизии и проверки на финансиски извештаи и други ангажмани на уверување и поврзани услуги;
- МСУК 2, Проверки на квалитет на ангажман;
- МСР 220 (ревидиран) – Управување со квалитет за ревизија на финансиски извештаи.

Управителот на Друштвото е одговорен за функционирањето на внатрешниот систем на контрола на квалитет на Друштвото.

## Релевантни етички барања

Вработените во Друштвото мора да бидат независни во однос на ревизорските ангажмани како и во однос на клиентите. Контролата на квалитет на ревизорската работа се имплементира како на ниво на друштвото за ревизија, така и на ниво на секој поединечен ревизорски ангажман. Имено, МСУК 1, ги уредува прашањата кои се однесуваат на управувањето со квалитет на друштвата кои вршат ревизија и проверка на ФИ, при што ревизорското друштво треба да дизајнира, имплементира и обезбеди функционирање на систем за управување со квалитет и дека друштвото и нејзиниот персонал ги исполнуваат своите одговорности во согласност со професионалните стандарди и важечките законски и регулаторни барања како и дека ги спроведуваат ангажманите во согласност со тие стандарди и барања и дека издадените извештаи се соодветни на околностите. МСУК 2, ги уредува прашањата за квалитет на ангажман, при што целта на друштвото е преку назначување на квалификуван ПККА да добие објективна оценка за значајните расудувања направени од тимот на ангажманот и заклучоците донесени од него. МСР 220 ги уредува прашањата кои се однесуваат на управување со квалитет на ниво на ангажман за да ревизорот добие разумно уверување дека квалитетот е постигнат при што ревизорот ги исполнил одговорностите и ја извршил ревизијата во согласност со професионалните стандарди и важечките законски и регулаторни барања и дека издадениот ревизорски извештај е соодветен на околностите.

## Прифаќање, продолжување или повлекување на ангажманите

Во процесот на прифаќање/продолжување на ревизорските ангажмани се врши проверка од аспект на расположливите ресурси, ризиците на ангажманот, интегритетот на менаџментот на друштвата каде се прави ревизија и проверка дали Друштвото може да ги применува етичките барања.

## Човечките ресурси

Управителот врши проверка на потребите од човечки ресурси со цел обезбедување на квалитетна и навремена услуга.

Имено, Управителот за секој ревизорски ангажман определува лице одговорно за ревизорскиот ангажман како и тим кој ќе работи на ангажманот.

Политиките и процедурите кои се однесуваат на човечките ресурси опфаќаат постапки за вработување (во зависност од обемот на работењето на Друштвото), проверки на работењето, валоризација на секој од вработените како и нивно унапредување.

## Политики и процедури кои се однесуваат на спроведување на ангажманите и вршење на внатрешна контрола на квалитет

Пелагониска Ревизорска Куќа ДООЕЛ Прилеп како Друштво за ревизија има донесено нормативен акт – Правилник за контрола на квалитет. Во овој нормативен акт подетално се опишани политиките и процедурите за контрола на квалитет и тоа започнувајќи од прифаќањето/продолжувањето на ревизорскиот ангажман, писмото за ревизорско ангажирање, планирањето и извршувањето на ревизијата, па заклучно со пишувањето и поднесувањето на ревизорскиот извештај. Како гаранција дека персоналот ќе се придржува кон политиките и процедурите за квалитет, на почетокот на секоја годината, секој вработен во Пелагониска Ревизорска Куќа ДООЕЛ потпишува изјава дека е запознаен со политиките и процедурите за контрола на квалитет предвидени во Правилникот за контрола на квалитет на Пелагониска Ревизорска Куќа ДООЕЛ Прилеп.

Внатрешната контрола на квалитет на ревизијата се спроведува преку доследно придржување на овластените ревизори кон политиките и процедурите за контрола на квалитет што ги има донесено оваа ревизорска куќа. Покрај управителот кој истовремено е и овластен ревизор, за контрола на квалитетот, Пелагониска Ревизорска Куќа ДООЕЛ Прилеп користи и соодветни квалификувани надворешни лица и тоа за ревизорските ангажмани кај големи субјекти - субјектите кои котираат на берза. Покрај овие мерки, контролата на квалитет односно квалитетот на ревизијата се обезбедува и преку самоконтрола и доследно почитување на етиката на професионалните сметководители.

## Политики и процедури кои се однесуваат на следење на внатрешниот систем на контрола на квалитет

Политиките и процедурите кои се однесуваат на следењето на внатрешниот систем на контрола на квалитет имаат за цел обезбедување оценка за тоа дали системот на контрола на квалитет бил соодветно дизајниран и ефективно имплементиран, дали истиот е усогласен со професионалните стандарди и со законската регулатива.

## Политики и процедури за документирање на внатрешниот систем на контрола на квалитет

Друштвото за ревизија ПЕРК ДООЕЛ Прилеп има политики и процедури за документирање на внатрешниот систем на контрола на квалитет, со цел да ја одржи доверливоста, интегритетот, безбедноста и пристапот до документацијата добиена во текот на ангажманот.

## Проверка за уверување на квалитетот на ревизијата

Во согласност со член 20 од Законот за ревизија, во текот на 2026 година за ревизорските ангажмани кои се однесуваат за 2024 година од страна на Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија во периодот од 09 март до 13 март 2026 година е направена проверка на организацијата на системот на контрола на квалитет од страна на контролорите на ИОРРМ.

Исто така извршена е надворешна контрола на квалитет за ревизорски ангажман од 2023 година спроведена од страна на соодветно квалификувано надворешно лице кое во исто време е и овластен ревизор.

## Листа на ангажмани

Во текот на 2025 година, Пелагониска Ревизорска Куќа ДООЕЛ Прилеп има извршено законска ревизија на финансиските извештаи кај следниве субјекти:

### Прехранбена

- Макпромет АД Штип
- Илинден 2002 ДООЕЛ Штип
- Европа ДООЕЛ Штип
- Млекара АД Тетово
- Бимфоод ДООЕЛ Прилеп
- Фунги Флора ДООЕЛ Радовиш
- Мовино ДОО Скопје
- Прилепска Пиварница АД Прилеп
- ГД Тиквеш Кавадарци
- ВВ Милев ГД Тиквеш ДООЕЛ Кавадарци

## Јавни Претпријатија

- ЈП Агроберза Скопје
- ЈП Комунална Хигиена Скопје
- ЈП Комуналец Прилеп
- Терминал ДООЕЛ Прилеп
- ЈП Стрежево Битола
- ЈП Комуналец Кавадарци
- МХЕЦ Лукар Кавадарци
- ЈКП Комуналец Битола
- ЈП Студенчица Кичево
- ЈП Комуналец Кичево
- ЈП Лисиче Велес

## Финансии

- ФД Селект Фајнанс ДООЕЛ Кавадарци
- ФД Денар Кредити Прилеп

## Услуги

- Транскоп АД Битола
- Ороссимо ДООЕЛ Битола
- Еурогејмс ДООЕЛ Охрид
- Отпад ДООЕЛ Охрид
- Наш Транспорт ДОО Охрид
- Интерворкс ДООЕЛ Битола
- Интерворкс Партнерс ДОО Скопје
- РЖ услуги АД Скопје
- Клуб Спорт ДОО Битола
- Клуб Слот 77 ДОО Битола
- ПЗУ Плодност Битола
- Гоми 96 ДООЕЛ Ресен
- Лукаада Транс ДООЕЛ Ресен
- Цилиндо Интернационал АПС (ДОО) Битола
- Сигурносно стакло АД Прилеп
- РЖ Економика АД Скопје
- Руд коп ДООЕЛ Битола

- Лајон Инс АД Скопје
- Премиум Иншуренс АД Скопје
- Зимак ДООЕЛ Битола
- Премиум Фајнанс ДОО Скопје

## Трговија

- ДПТУ 2006 Зоки ДООЕЛ
- Премиум Пиво ДООЕЛ
- Андонов ДООЕЛ
- Уни Ројал Компани
- Викторија Табако ДООЕЛ Прилеп
- Тобако Дисконт ДООЕЛ Прилеп
- Прима Мебел Скопје
- Моби петрол ДООЕЛ Охрид
- Автокомерц ДОО Битола
- Дуферцо МК ДОО Скопје
- Семенарство промет Скопје

## Производство

- Фабрика за квасец и алкохол АД Битола
- Микросам ДОО Прилеп
- Арини Фешн ДООЕЛ Прилеп
- Крин КГ ДОО Прилеп
- Ламинати Ком ДОО Прилеп
- Стан МК ДОО Прилеп
- Трио 95 ДОО Прилеп
- ТД Кули ДООЕЛ Прилеп
- Печатница 11 ти Октомври АД Прилеп
- Единаесет Трејд ДООЕЛ Прилеп
- Секе ДООЕЛ Прилеп
- Силган Метал ДОО Битола
- ГИНИС ДОО 3Д-Прилеп
- Изо Стакло ДОО Прилеп
- Градба ЕКО база ДОО Росоман

- Хемипром ДОО Свети Николе
- Ин Мак Бетон ДОО Струмица
- Тутунски Комбинат АД Прилеп

Дополнително извршени се договорни ревизии, односно ангажмани за проверка и уверување кај следниве клиенти:

- Здружение Центар за Развој и Едукација Прилеп
- Проект: Зајакнување на луѓето од Пелагонија 2, Битола
- Бран ДООЕЛ Прилеп
- Роз-Руб Транс ДООЕЛ Кривогаштани
- Вал-Шпет ТП Ресен
- Дино Травел ДООЕЛ Долнени
- Еуро Глас Трејд ДООЕЛ Прилеп
- Дерби Шпед ДООЕЛ Кавадарци
- Батак Транс ДООЕЛ Прилеп
- Адвокат Александар Крстески Прилеп
- Мега Мис Инженеринг ДООЕЛ Прилеп
- Лекса Трејд ДООЕЛ Скопје
- Пауер Фибер ДООЕЛ Скопје
- Прогрес Институт за социјална демократија Скопје
- Консалтинг Ли-Ми ДООЕЛ Прилеп
- Аудит Груп ДОО Куманово
- Торпедо Транспорт ДООЕЛ Битола

## Изјава за ефективноста на функционирањето на внатрешниот систем на контрола на квалитет

Јас, Пецко Ристески, овластен ревизор и управител на Пелагониска Ревизорска Куќа ДООЕЛ Прилеп со стан на ул. „Борка Талески" бр.58, ЕМБГ 0701963440012 согласно одредбите од член 35 од Законот за ревизија („Сл. Весник на Р.М." бр. 158/10 ... 122/21) под полна морална и кривична одговорност изјавувам дека внатрешниот систем на контрола на квалитет во Друштвото за ревизија Пелагониска Ревизорска Куќа ДООЕЛ Прилеп функционира ефективно.

Прилеп, 30.3.2026 година

**Пелагониска Ревизорска Куќа**
**ДООЕЛ Прилеп**
Управител

Пецко Ристески

ПЕЛАГОНИСКА РЕВИЗОРСКА КУЌА Друштво за ревизија ДООЕЛ Прилеп

# Изјава за независното работење на Пелагониска Ревизорска Куќа ДООЕЛ Прилеп во однос на субјектите за ревизија

Јас, Пецко Ристески, овластен ревизор и управител на Пелагониска Ревизорска Куќа ДООЕЛ – Прилеп со стан на ул. Борка Талески бр. 58, ЕМБГ 0701963440012 согласно одредбите од член 35 од Законот за ревизија („Сл. Весник на Р.М." бр.158/10 ... 122/21) под полна морална и кривична одговорност изјавувам дека во Пелагониска Ревизорска Куќа доследно се спроведени процедурите за проверка на независноста и дека Друштвото за ревизија и неговите вработени се независни во однос на субјектите за ревизија.

Независното работење на Пелагониска Ревизорска Куќа ДООЕЛ - Прилеп во однос на субјектите за ревизија се обезбедува со доследно придржување на целиот персонал кон интерните процедури пропишани во нормативниот акт - **Правилник за контрола на квалитет**. Ова практично се спроведува на тој начин што управителот и целиот работен персонал како и ангажираните соодветно квалификувани надворешни лица пред да бидат ангажирани за ревизија за конкретен ентитет, потпишуваат изјави за финансиска, управувачка и друга независност во однос на субјектот за ревизија, како и изјава дека ќе се придржуваат кон кодексот на етика на професионалните сметководители издаден од страна на Меѓународната организација на сметководители IFAC.

Проверката и одговорноста за придржување кон пропишаните политики и процедури за независност е во надлежност на управителот на Друштвото Пецко Ристески.

Прилеп, 30.03.2026 година

**Пелагониска Ревизорска Куќа**
**ДООЕЛ Прилеп**
Управител

Пецко Ристески

# Изјава за политиките што ги следи Пелагониска Ревизорска Куќа ДООЕЛ Прилеп за професионално усовршување на овластените ревизори во текот на претходната година

Јас, Пецко Ристески, овластен ревизор и управител на Пелагониска Ревизорска Куќа ДООЕЛ Прилеп со стан на ул. Борка Талески бр.58, согласно одредбите од член 35 од Законот за ревизија („Сл. Весник на Р.М.“ бр. 158/10 ... 122/21) под полна морална и кривична одговорност изјавувам дека во текот на претходната година Пелагониска Ревизорска Куќа доследно ја реализираше политиката за континуирано професионално усовршување на овластените ревизори. Имено, согласно планот и програмата за континуирана едукација овластените ревизори во претходната година редовно ги следеа сите предавања за континуирано професионално усовршување организирани од страна на Институтот за овластени ревизори за што добија и соодветни потврди. Јас како управител водам евиденција на потврдите за континуирано професионално усовршување на овластените ревизори во посебно досие. Покрај екстерната едукација во рамките на Друштвото, во претходната година се изврши и интерна едукација на целокупниот персонал со подготвени пишани материјали од страна на постарите овластени ревизори и соодветно квалификуваните надворешни лица.

Прилеп, 30.03.2026 година

**Пелагониска Ревизорска Куќа**
**ДООЕЛ Прилеп**
Управител

Пецко Ристески

ПЕЛАГОНИСКА РЕВИЗОРСКА КУЌА Друштво за ревизија ДООЕЛ Прилеп

# Финансиски информации за вкупниот приход остварен од ревизија и од други надоместоци

Прегледот на видот на услугите што ги нуди **Пелагониска Ревизорска Куќа** ДООЕЛ Прилеп е како што следи:

- Законска и договорна ревизија на финансиските извештаи на трговските друштва,
- Ангажмани за проверка на финансиските извештаи,
- Ангажмани за уверување кои не се ревизии или проверка на историски финансиски информации,

- Ревизии при статусни промени на трговските друштва,
- Советодавни услуги за специфични сметководствени третмани.

Вкупниот приход за 2025 година на Пелагониска Ревизорска Куќа ДООЕЛ Прилеп е остварен по следниве основи:

| | 2025 | | 2024 | |
|---|---|---|---|---|
| **Вид на приход** | **Износ** | **Учество** | **Износ** | **Учество** |
| Ревизија на поединечни и консолидирани финансиски извештаи | 10.404.962 | 94,27% | 8.910.472 | 97,02% |
| Други услуги за проверки и уверувања | 611.075 | 5,54% | 91.524 | 1,00% |
| Даночни и советодавни услуги (пр. услуги на сметководство, проценки, консалтинг и други услуги) | - | - | - | - |
| Други приходи | 21.450 | 0,19% | 182.350 | 1,98% |
| **Вкупно** | **11.037.487** | **100,00%** | **9.184.346** | **100,00%** |

## Информација за основата по која се утврдува хонорарот на овластениот ревизор

Основата по која се утврдува хонорарот на овластениот ревизор е:

- нормирана плата за овластените ревизори и помошниците ревизори;
- стимулации за ефикасно и квалитетно извршување на ревизорските ангажмани;
- договорени надоместоци за повремено ангажираните соодветно квалификувани надворешни лица.

Прилеп, 30.03.2026 година

**Пелагониска Ревизорска Куќа**
**ДООЕЛ Прилеп**
Управител

Пецко Ристески